РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА КОНСУЛТАЦИЈА ЗА ИЗВЕШТАЈ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И СОЦИЈАЛНИ АСПЕКТИ И ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЖИВОТНА СРЕДИНА ЗА ПРОЕКТОТ "РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ДРЖАВЕН ПАТ Р 1207, ДЕЛНИЦА МЛАДО НАГОРИЧАНЕ - ПЕЛИНЦЕ"

Јавното претпријатие за државни патишта ја известува засегнатата јавност дека планира да реализира Проект за "Рехабилитација на регионалниот пат Р1207, делница Младо Нагоричане-Пелинце", во должина од околу 19 км.

Финансирањето на овој проект се планира да се да се обезбеди со средства од меѓународни финансиски институции (Светска Банка), според чии барања во делот на заштита на животната средина и социјалните аспекти, во фазата на подготовка на Извештај за процена на животна средина и социјални аспекти и План за управување со животната средина и Механизам за жалби и поплаки, потребно е да се организира јавна консултација со засегнатите страни и локалното население на населените места долж делницата.

Извештај за процена на животна средина и социјални аспекти и План за управување со животната средина е достапен на увид во просториите на ЈП за државни патишта и во општината Старо Нагоричане, како и на официјалната веб страница на ЈПДП: www.roads.org.mk .

**Јавната консултација за Извештај за процена на животна средина и социјални аспекти ,План за управување со животната средина и Механизам за жалби и поплаки за наведениот проект, во делот на заштита на животната средина и социјалните аспекти ќе се одржи во:**
**Општина Старо Нагоричане на 22.02.2019 година (петок) со почеток во 11:00 часот во Салата за состаноци во општината.**

Лица за контакт:

Јавно претпријатие за државни патишта
Сашка Богданова Ајцева
Тел: 02/3118 044 лок.305
E-mail: saska@roads.org.mk

Општина Старо Нагоричане
Часлав Максимовиќ
Тел: 075 224 435